ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2017 ГОДИНА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТЕТОВО

## СМЕТКА НА БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ – 788 10

01 2018 05 01/2

**Скопје, септември 2018 година**

## Содржина


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1-11 |
| **Финансиски извештаи за 2017 и 2016 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 12 |
| Биланс на состојба | 13 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства за 2017 година | 14 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| **Вовед** | 15 |
| **Сметководствени политики** | 15 - 17 |
| **Образложенија кон финансиските извештаи** | 17 - 24 |
| **Прилог:** Забелешки на Нацрт извештај | |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:13-87/9

Дата: 19.09.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетот во Тетово, (во понатамошниот текст Универзитетот), сметка на буџетот од самофинансирачки активности (788 – 10), за 2017 година.

Ревизијата изразува неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2017 година, а мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетот во Тетово за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Распределбата на средствата по основ на партиципација и кофинансирање за студирање се врши според Правилник за внатрешна распределба на финансиите кој иако е доставен до министерството надлежно за работите од областа на високото образование истиот до денот на ревизијата не е одобрен.

За реализација на образовниот процес за акредитираните студиски програми, Универзитетот ангажира наставници по договори за давање на интелектуални услуги што опфаќа 39% од наставниот кадар, при што дел од лицата кои ја извршуваат реализацијата на наставата немаат наставно научно звање, а лицата ангажирани како соработнички кадар се со работни обврски кои не соодветствуваат со педагошките обврски за соработнички кадар.

Набавената опрема не се евидентира на соодветните сметки пропишани за овој вид на опрема, не се пресметува годишна амортизација на материјалните средства, за приемот и издавањето на материјалите воспоставена е материјална но не и сметководствена евиденција и не е извршен попис на средствата и изворите на средства.

Ненавременото раздолжување на дадените аванси за службени патувања и не преземените мерки за нивна наплата придонеле за застареност на побарувањата во износ од 1.741 илјади денари.

Кај дел од набавките на стоки не е почитуван во целост Законот за јавни набавки.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица на Универзитетот треба да преземат активности за: доследно почитување на законските одредби при склучување на договори за давање на интелектуални услуги за изведување на настава, испити, вежби со наставниот и соработничкиот кадар, сметководствено евидентирање на материјалните и нематеријалните средства, пресметка на годишна амортизација, сметководствено евидентирање на приемот и издавањето на материјали, спроведување на попис на средствата и изворите на средства, наплата на побарувањата за кои постои законски основ, како и рационално и ефикасно користење на буџетските средства при набавки на стоки и услуги преку доследна примена на постапките утврдени со Законот за јавни набавки.

Во делот Останати прашања ревизијата смета за потребно да обелодени дека поради тоа што Советот не е формиран, Уредбата за мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високото образованите установи, не е предложена и не е донесена. Висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на Универзитетот е утврдена врз основа на Одлуката на Владата на РМ за бројот на студенти за запишување во прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи за учебната 2016/2017 година, додека висината на останатите надоместоци за образовни и административни услуги Универзитетот ги определува самостојно.

Од страна на одговорното лице на Универзитетот во Тетово доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, по истекот на законски утврдениот рок и истите немаат влијание на констатирани состојби.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 12 до 14 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетот во Тетово - сметка на буџет од самофинансирачки активности (788 – 10), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и Преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2018 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетот во Тетово за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Проф. д-р Вулнет Амети - ректор од 13.09.2013 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на користените сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.03. до 30.06.2018 година кај Универзитетот во Тетово, од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 14.06.2018 година.

Од страна на одговорното лице на Универзитетот во Тетово доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, по истекот на законски утврдениот рок и истите немаат влијание на констатирани состојби.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1 Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Универзитетот во текот на 2017 година има остварени приходи по основ на партиципација и кофинансирање за студирање во вкупен износ од 249.161 илјади денари. Со извршениот увид во доставената документација, ревизијата констатира дека распределбата на средствата остварени по овој основ се врши врз основа на Правилник за внатрешна распределба на финансиите кој не е одобрен од страна на министерот надлежен за работите од областа на високото образование што не е во согласност со член 87-а од Законот за високото образование каде што е предвидено, расположливите средства во вредност од 40% од средствата стекнати од партиципација и кофинансирање на трошоците за студирање на факултетите на високообразовната институција задолжително да се користат за инвестирање во научно истражувачки проекти, распишување на конкурси за финансирање од страна на универзитетите, како и за покривање на трошоците на соработникот/асистентот кој има обврска да оствари минимум еден студиски престој во траење не помалку од еден месец, а не повеќе од три месеци во период од три години.

Иако на 10.02.2016 година, Универзитетот има поднесено барање до Министерството за образование и наука за добивање мислење (одобрување) за Правилникот за распределба на дел од средствата стекнати од партиципацијата

и кофинансирањето на трошоците на Универзитетот, до денот на ревизијата истиот не е одобрен од страна на министерот за образование и наука.

Ваквиот начин на распределба на средствата без одобрен интерен акт од страна на надлежното министерство создава ризик распределбата на средствата и нивната употреба да не биде во согласност со законските одредби.

**Препорака**

Одговорните лица на Универзитетот да преземат мерки и активности за забрзување на постапката за одобрување на Правилникот за внатрешна распределба на финансиите, а распределбата на остварените приходи од Универзитетот да се врши согласно одобрениот правилник.

3.1.2. За академската 2016/2017 и 2017/2018 година, реализацијата на образовниот процес за акредитираните студиски програми, Универзитетот ја изведува со наставен кадар во редовен работен однос од 61%. Од причина што во изминатите години и покрај многубројните барања доставени до ресорното министерство за обезбедување на финансиски средства за редовно вработување не е добиена согласност, останатите 39% од наставниот кадар Универзитетот ги надополнува со ангажирање на наставници со договори за давање на интелектуални услуги. Со извршениот увид во склучените договори и исплатата на надоместоците по овој основ, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Универзитетскиот сенат има донесено Одлука бр. 02-2345/1 од 08.07.2016 година, за ангажирање наставно-научен кадар и Одлука на Ректорската управа бр. 02-4663/1 од 11.9.2013 година, за висината на финансиските надоместоци за наставниците и соработниците, ангажирани по договор на одредено време, согласно кои склучени се 392 договори за давање на интелектуални услуги за изведување на настава, испити, вежби. Дел од лицата кои ги извршуваат педагошките обврски – реализација на настава немаат наставно научно звање што не е во согласност со член 133 алинеја 5, 6 и 8 од Закон за високото образование;
- Склучени се договори за интелектуални услуги со лица кои се ангажирани како соработнички кадар, за работни обврски кои не соодветствуваат на педагошките обврски за соработнички кадар предвидени во членот 133 алинеја 5, 7 и 8 од Законот за високото образование. Исто така со увид во документацијата кај дел од ангажираните лица кои ги извршуваат работите и работните задачи за асистенти не се приложени докази за завршен втор циклус на студии, а истите се исплатени во висина на износи предвидени за асистенти.

Изведување на настава, испити, вежби, со наставен и соработнички кадар кој извршува педагошки обврски кои не се во согласност6 со законски утврдените обврски за нивното наставно-научно, наставно односно соработничко звање, не дава уверување за квалитетно изведување на образовниот процес.

**Препораки:**

- Одговорното лице на Универзитетот да преземе мерки и активности за доследно почитување на одредбите од Законот за високото образование, во делот на постапката за ангажирање на наставен кадар кој е избран во наставно научно звање, што може да ги изведува педагошките обврски.
- Одговорното лице на Универзитетот при склучување на договори со соработничкиот кадар, да го утврдува видот и обемот на ангажманот согласно педагошките обврски на соработничкиот кадар предвидени во Законот за високото образование.

## 3.2 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Не е извршен попис на средствата и изворите на средствата со кои располага Универзитетот во Тетово на ден 31 декември 2017 година. Иако ректорот ги има преземено потребните активности: Одлука за вршење редовен попис бр.02-4973/1, Решение за формирање комисии за попис бр.02-4975/1 и Упатство за вршење на пописот бр. 01-4974/1 од 29.12.2017 година, врз основа на Барањето бр. 02-238/1 од 30.01.2018 година за продолжување на рокот за реализација на пописот од Централната пописна комисија, Сенатот на Универзитетот има донесено Одлука бр. 02-238/2 од 27.02.2018 година за продолжување на рокот за реализација на редовниот попис, без оглед на пречекорување на законските рокови. До денот на ревизијата, Централната пописна комисија воопшто нема започнато со активностите за вршење на пописот. Неспроведувањето на пописот не е во согласност со членовите 19 и 21 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и членовите од 29 до 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и не дава уверување за реалноста и објективноста на позициите искажани во Билансот на состојба на ден 31.12.2017 година.

**Препорака**

Ректорот да ги преземе сите потребни активности за спроведување попис на средствата и изворите на средствата на начин предвиден согласно законските одредби.

3.2.2. Наодот изнесен во точка 3.2.1. од Извештајот за сметката на основен буџет (603) во врска со не евидентирање на набавените материјални средства во сметководствената евиденција во текот на 2017 година во износ од 104 илјади денари се однесува и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (788-10). Во сметководствената евиденција на Универзитетот не се во целост евидентирани материјални средства кои се набавувани ниту во претходните години. Не е пресметана амортизација за тековната година, а акумулираната амортизација во износ од 80.263 илјади денари се однесува за периодот заклучно со 31.12.2011 година. Ваквата состојба не е во согласност со членовите од 19 до 27 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на Билансот на состојба на ден 31.12.2017 година. Во услови на нецелосна евиденција на материјалните средства, неизвршен попис и неизвршено усогласување на фактичката состојба со сметководствената, непресметана годишна амортизација, ревизијата не е во состојба да даде корекција на искажаните позиции во Билансот на состојба.

**Препораки:**

- По извршениот попис од страна на пописната комисија да се утврдат разликите меѓу состојбата утврдена по попис и сметководствената состојба и истите вредносно да се евидентираат во сметководствената евиденција.
- За секое поединечно средство да се пресмета амортизација со примена на годишни стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници по амортизациони групи на кои припаѓаат согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

3.2.3. Наодот изнесен во точка 3.2.2. од Извештајот за сметката на основен буџет (603) во врска со сметководствено не евидентирање на приемот и издавањето на материјали (ситен инвентар, канцелариски материјали, средства за хигиена, медицински материјали, течни горива и други материјали), како и неизвршениот попис на залихите на материјали се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787-10).

3.2.4. Позицијата Краткорочни побарувања од вработените е проценета во износ од 1.741 илјади денари и се однесува на побарувања од вработени по основ на дадени аванси за службени патувања кои потекнуваат од 2008 година. Со извршениот увид во поткрепувачката документација, ревизијата утврди дека не е извршен попис на побарувањата, не е утврден правниот основ за нивно постоење и не се преземени мерки од одговорните лица за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години, што не е во согласност со

член 31-в од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. При извршена анализа на старосната структура на побарувањата ревизијата констатира дека истите согласно член 360 од Закон за облигациони односи се застарени. Причина за ваквата состојба е ненавремено раздолжување со аванси во рокови предвидени во член 24 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци. Ненавременото раздолжување на дадените аванси за службени патувања доведува до ризик од нивно застарување и неможност за наплата на истите.

**Препорака**

Одговорните лица во Универзитетот да преземат активности и мерки за наплата на побарувањата за кои постои законски основ, како и почитување на одредбите од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци.

## 3.3 Користење на средства согласно законските прописи

3.3.1. Наодите кои се изнесени во точка 3.3.1 и 3.3.2 од Извештајот за сметката на основен буџет (603), во врска со утврдените констатации за поединечни неправилности во спроведување на постапките за јавни набавки, како и не спроведени постапки за јавни набавки на стоки и услуги се однесуваат и на сметката на буџетот од самофинансирачки активности (788 - 10) од која се врши делумно финансирање на набавките.

3.3.2. Спроведена е постапка за јавна набавка за Одржување на постојните објекти на Универзитетот во Тетово и склучен е договор бр. 03-2587 од 11.09.2017 година. Вредноста на работите предвидени со овој договор изнесуваат 8.121 илјада денари. Според техничката спецификација, работите кои се предмет на овој договор се групирани во 4 целини (Правен и Економски факултет, Природно математички факултет, Факултет за применети науки и Спортска сала), а со тендерската документација е дефинирано дека предметот на набавката не е делив и понудата се однесува на сите позиции наведени во техничката спецификација која опфаќа градежно занаетчиски работи и набавка на стоки. Со извршениот увид во предметот на договорот за јавна набавка ревизијата констатира дека иако предметот на договорот за јавна набавка се однесува за набавка на стоки и работи, не се склучени посебни договори за набавка на секој дел, што не е во согласност со член 15 од Законот за јавни набавки.

3.3.3. Во текот на 2016 година спроведена е постапка за јавна набавка за хотелски

услуги и склучен е договор во износ од 2.328 илјада денари без ДДВ. Донесена е Одлука за јавна набавка на хотелски услуги во вредност од 2.119 илјади денари без ДДВ, а по спроведената постапка склучен е договор со економски оператор во вредност од 2.328 илјади денари без ДДВ. Вредноста на склучениот договор е повисока од вредноста на средствата утврдени во одлуката за јавни набавки во износ од 209 илјада денари, иако Договорниот орган нема донесено нова Одлука за јавни набавки за до обезбедување на средства потребни за реализација на договорот што не е во согласност со член 28 став 4 од ЗЈН.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, во точките од 3.1 до 3.3, кои се основ за изразување мислење се несоодветното проценување на билансните позиции согласно сметководствените начела на буџетското сметководство, а се однесува на нецелосна евиденција на материјалните средства, не пресметана годишна амортизација, не воспоставената сметководствена евиденција на приемот и издавањето на материјалите, застареност на побарувањата од вработени по основ на дадени аванси за службени патувања и неизвршен попис на средствата и изворите на средства. Распределбата на средствата по основ на партиципација и кофинансирање за студирање се врши според Правилник кој не е одобрен од страна на надлежното министерство. Дел од лицата кои ја извршуваат реализацијата на наставата немаат наставно научно звање, а лицата ангажирани како соработнички кадар се со работни обврски кои не соодветствуваат со педагошките обврски за соработнички кадар, а дел од набавките на стоки и услуги извршени се без постапка за јавни набавки.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 3.2.1 до 3.2.4, финансиските извештаи не ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Универзитетот во Тетово, сметка на буџет од самофинансирачки активности (788 – 10) на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 3.1 и 3.3 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Универзитетот во Тетово, сметка на буџет (788 - 10), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Останати прашања

5.1. Универзитетот во текот на 2017 година има остварено приходи по основ на надоместоци за запишување (партиципација) и други образовни надоместоци во вкупен износ од 299.259 илјади денари врз основа на Ценовник за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги донесен од страна на Сенатот на 11.06.2014 година.

Согласно Законот за високото образование, по предлог на Советот, министерот надлежен за работите на високото образование и предлага на Владата на Република Македонија да донесе Уредба за мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високообразовните установи, а на предлог на јавните универзитети, Советот донесува мерила и критериуми за кофинансирање на студиите на јавните високообразовни установи и за партиципациите и другите давачки на студентите на високообразовните установи.

Со оглед на тоа дека Советот не е формиран, уредба не е предложена и не е донесена.

Во услови на отсуство на Уредба за мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високообразовните установи која на предлог на министерот надлежен за работите на високото образование ја донесува Владата на РМ, висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги на универзитетот, а се однесуваат на партиципацијата и кофинансирањето е утврдена врз основа на Одлуката на Владата на РМ бр.42-4317/1 од 01.06.2016 година за бројот на студенти за запишување во прва година – прв циклус на студии на јавните високообразовни установи за учебната 2016/2017 година, додека висината на останатите надоместоци за образовни и административни услуги универзитетот ги определува самостојно.

**Универзитет во Тетово**
**Сметка на основен буџет (788-10)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1 | 255.080 | 267.030 |
| Трансфери и донации | 3.2 | 23.002 | 4.776 |
| **Вкупно приходи** | | **278.082** | **271.806** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.3.1 | 141.013 | 113.379 |
| Стоки и услуги | 3.3.2 | 88.329 | 118.800 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.3 | 175 | 4.428 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **229.517** | **236.607** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4.1 | 13.785 | 12.239 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **13.785** | **12.239** |
| **Вкупно расходи** | | **243.302** | **248.846** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.5 | 34.780 | 22.960 |

**Универзитет во Тетово**

**Сметка на основен буџет (788-10)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | **4.1.1** | 34.780 | 22.960 |
| Побарувања | **4.1.2** | 420 | 607 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | **4.1.3** | 579 | 579 |
| Побарувања од вработените | **4.1.4** | 1.162 | 1.162 |
| Активни временски разграничувања | **4.1.5** | 36.886 | 43.834 |
| **Вкупно тековни средства** | | **73.827** | **69.142** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | **4.2.1** | 149.728 | 149.728 |
| **Вкупно постојани средства** | | **149.728** | **149.728** |
| **Вкупна актива** | | **223.555** | **218.870** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | **4.3.1** | 25.045 | 32.194 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | **4.3.2** | 11.841 | 11.640 |
| Пасивни временски разграничувања | | 36.941 | 25.308 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **73.827** | **69.142** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | **4.4.1** | 149.728 | 149.728 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **149.728** | **149.728** |
| **Вкупна пасива** | | **223.555** | **218.870** |

**Универзитет во Тетово**

**Сметка на основен буџет (788-10)**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2017 година** | **149.728** | - | **149.728** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | - | - | - |
| Набавки | - | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | - | | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | - | - | - |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | - | | - |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **149.728** | - | **149.728** |

Nr. / бр. 02-3393
Tetovë/Тетово, 13.09 2018
Universiteti i Tetovës/
Универзитет во Тетово
Rektorat, rr. Ilindenit, p...
Ректорат, ул. Илинденс...
1200, Tetovë/Тетово

14.09.2018
13-87/7

До

**Државниот завод за ревизија**

**Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Изјаснување во врска со Нацрт-извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2017 година на Универзитетот во Тетово

**Почитувани,**

Во врска со доставениот Нацрт-извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2017 година на Универзитетот во Тетово, Ве информираме дека раководните структури на Универзитетот му посветија сериозно и опстојно внимание, за што недвојбено е мислењето, во целина земено, дека Вашите наоди, мислења, констатации, сугестии и препораки, со мали исклучоци, ја отсликуваат реалната состојба за долгогодишното работење на Универзитетот.

Сакаме да потенцираме дека секоја извршена ревизија од објективни, добронамерни и стручни ревизори на секоја институција во која таа се врши може само да ѝ помогне во целокупното работење, било тоа да станува збор за ревизија на финансиските извештаи, на ревизија на усогласеност, ревизија на успешност и сл.

Во тој контекст, си земаме право да кажеме дека извршената ревизија на Универзитетот се одвиваше токму во духот на исказот во претходниот став.

За таа цел, сметаме за целисходно само накратко да ги презентираме нашите видувања, укажувања, непобитни факти кои се однесуваат на целокупното работење на Универзитетот, како и за преземените мерки и активности по дадените препораки содржани во нацрт-извештаите, до моментот на сочинување на овој одговор.

Имено, на самиот почеток сакаме да потенцираме дека Универзитетот во Тетово, како еден од помладите и прв интегриран државен универзитет во Р. Македонија, од неговата легализација со Законот за основање на Државниот универзитет во Тетово (Службен весник на РМ, број 8 од 23.2.2004 година), Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државниот универзитет во Тетово (Службен весник на РМ, број 81 од 7.7.2008 година), и Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државниот универзитет во Тетово (Службен весник на РМ, број 226 од 25.12.2015 година), па сè до денес, и покрај тешката материјално-финансиска состојба, со слабо опремена инфраструктура за дел од факултетите, како и проблемите во врска со недостатокот на наставно-научниот и соработничкиот кадар за ефективно одвивање на наставно-образовните и едукативните процеси, сукцесивно во континуитет прави сериозни напори целокупното свое работење да го канализира во согласност со позитивните законски прописи со кои е регулирана материјата за високото образование во Р. Македонија. Меѓутоа, свесни сме дека во текот на работењето се направени ненамерни превиди и одредени недоследности, кои, пак, се резултат на поголем број фактори, а за дел од нив Универзитетот, како единка-корисник на Министерството за образование и наука, не е во состојба самостојно да изврши нивно надминување и решавање без залагање

од сите надлежни ресорни државни органи и институции. Суштинските фактори кои влијаат на направените отстапки во рамките на остварувањето на дејноста на Универзитетот, а дел од нив и се нотирани и во нацрт-извештаите, се следниве:

- дефицит на наставен кадар во редовен работен однос и немање слух од ресорните министерства при Владата на Р. Македонија на огромниот број барања за нови работни места, доставувани од страна на Универзитетот;
- недостаток на финансиски средства за реализација на наставната, научно-истражувачката и апликативната дејност;
- несоодветно финансирање на инфраструктурата и неопходното опремување;
- необезбедување финансиски средства за обврските за кои универзитетите се обврзуваат со закон, итн., итн.

Ова се само дел од факторите кои го доведуваат до одредени недоследности кои се среќаваат во целокупното работење на Универзитетот.

Меѓутоа, неспорен е фактот дека од страна на Универзитетот се вложуваат максимални напори за, како што беше погоре потенцирано, усогласеност со законските прописи со кои е регулирана оваа материја.

Во врска со точката 3.3.1. од сметката на основен буџетот – 603, Ве информираме дека лицето задолжено за јавни набавки има положено испит за јавни набавки, меѓутоа сертификатот не е подигнат од Бирото за јавни набавки (прилог: доказен материјал).

Универзитетот најсериозно ги прифати сите препораки кои се дадени во нацрт-извештајот и веднаш отпочна со постапување по нив. Имено, до моментот на сочинувањето на овој допис беа преземени следниве мерки и активности:

Сметка на основен буџет - 603

- Во врска со препораката од точка 3.1.1, за преземање мерки за обезбедување наставен кадар со што ќе треба да се создадат услови за комплетирање на Сенатот, доставени се барања до ресорното Министерство за образование и наука, уште во текот на вршењето на ревизијата.

  Потоа, избран е декан и конституирани се органите на Факултетот за земјоделство и биотехнологија.

- Во однос на препораката 3.1.3., направен е првичен чекор уште во текот на ревизијата во надминување на посочениот проблем, со тоа што е доставен допис до единиците на Универзитетот да преземат мерки рецензентските комисии да постапуваат во согласност со критериумите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања предвидени со закон.

- Во врска со препораката 3.1.4., ќе бидат повторно доставени ургенции до ресорните министерства при Владата на Р. Македонија, со цел да се изврши легализација на објектите што ги користи Универзитетот и запишување на правото на сопственост, што, всушност, е и услов за постапување по препораките дадени по точката 3.1.5.

Сметка на буџет од самофинансирачки активности – 788 10

- Во врска со препораките дадени по точка 3.1, за вториот дел е постапено со тоа што е сочинет нов вид договор за соработничкиот кадар.

На крајот, во прилог ги доставуваме доказите за преземените мерки по препораките, со цел да бидат земени предвид при сочинувањето на конечниот извештај.

Прилози:

- Допис од генералниот секретар до единиците на Универзитетот....
- Одлука за избор на декан и за конституирање на органите на Факултетот за земјоделство и биотехнологија;
- Договор за соработници.

**Со почит,**

**Ректор,**

**Проф. д-р Вулнет Амети**

Universiteti i Tetovës - Republika e Maqedonisë
Универзитет во Тетово - Република Македонија
Nr.-Бр 02-3119/1
29.08.2018 viti/год.
Tetovë - Тетово

UNIVERSITETI I TETOVËS
UNIVERSITY OF TETOVA - УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО
UT Rectorate - Ilinden nn, 1200 Tetovo, Macedonia
Tel: +389 44 356 500; Fax: +389 44 334 222, email: international@unite.edu.mk

Врз основа на член 115 став 4 и 5 од Законот за високото образование ("Службен Весник на Република Македонија,, број 82/2018), Ректорот на Универзитетот во Тетово проф. д-р Вулнет Амети на ден 29.08.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должноста декан на Факултетот за земјоделство и биотехнологија**

**Член 1**

За вршител на должноста декан на Факултетот за земјоделство и биотехнологија се именува доц. д-р Алирами Салији.

**Член 2**

Се задолжува именуваниот в.д. декан на Факултетот за земјоделство и биотехнологија, во рок од 6 (шест) месеци да спроведе постапка за избор на декан на Факултетот за земјоделство и биотехнологија при Универзитетот во Тетово.

**Член 3**

Се задолжува именуваниот в.д. декан на Факултетот за земјоделство и биотехнологија, додека ја врши должноста декан, да ги извршува обврските и да постапува по своите надлежности, односно да се грижи за законитоста на Факултетот, во согласност со Статутот на Универзитетот и Законот за високото образование.

**Член 4**

Ова Решение влегува во сила веднаш по нејзиното донесување.

Да се достави до: именуваниот, Правната служба и Архивата на Универзитетот.

**Тетово, 29.08.2018**

**Ректор,**
**Проф. д-р Вулнет Амети**

Universiteti i Tetovës - Republika e Maqedonisë
Универзитет во Тетово - Република Македонија
Nr.-Бр 02-3119/8
29-08 2018 viti/год.
Tetovë - Тетово

UNIVERSITETI I TETOVËS
UNIVERSITY OF TETOVA - УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО
UT Rectorate - Ilinden nn, 1200 Tetovo, Macedonia
Tel: +389 44 356 500; Fax: +389 44 334 222, email: international@unite.edu.mk

Në bazë të nenit 115 paragrafi 4 dhe 5 të Ligjit për arsimin e lartë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë numër 82/2018), Rektori i Universitetit të Tetovës Prof. Dr. Vullnet Ameti më 29.08.2018 solli

**AKTVENDIM**
**Për emërimin e ushtruesit të detyrës Dekan i Fakultetit të Bujqësisë dhe Bioteknologjisë**

**Neni 1**

Për ushtrues detyre Dekan i Fakultetit të Bujqësisë dhe Bioteknologjisë emërohet Doc. Dr. Alirami Saliji.

**Neni 2**

Obligohet i emëruari ushtrues detyre Dekan i Fakultetit të Bujqësisë dhe Bioteknologjisë, në afat prej 6 (gjashtë) muaj të zbatojë procedurë për zgjedhjen e Dekanit të Fakultetit të Bujqësisë dhe Bioteknologjisë të Universitetit të Tetovës.

**Neni 3**

Obligohet i emëruari ushtrues detyre Dekan i Fakultetit të Bujqësisë dhe Bioteknologjisë, gjatë kryerjes së detyrës së dekanit, t'i kryejë obligimet dhe të veprojë me kompetencat e tij, respektivisht të kujdeset për ligjshmërinë në Fakultet, në pajtim me Statutin e Universitetit dhe Ligjin për arsimin e lartë.

**Neni 4**

Ky Aktvendim hyn në fuqi menjëherë pas sjelljes së tij.

Të dorëzohet deri te: i lartëpërmenduri, Shërbimi juridik dhe Arkivi i Universitetit.

**Tetovë, 29.08.2018**

**Rektori,**
**Prof. Dr. Vullnet Ameti**

Gmail

Gazmend Dehari <gazmend.dehari@unite.edu.mk>

## Известување

1 message

**Obuki** <obuki@bjn.gov.mk> Wed, Oct 14, 2015 at 3:40 PM

To: "kdonevska@ukim.edu.mk" <kdonevska@ukim.edu.mk>, "marice.karmaziceva@yahoo.com" <marice.karmaziceva@yahoo.com>, "viktorcikarski@yahoo.com" <viktorcikarski@yahoo.com>, "zsuckavadarci@t-home.mk" <zsuckavadarci@t-home.mk>, "igor.cvetanovski@finki.ukim.mk" <igor.cvetanovski@finki.ukim.mk>, "mkparalidova@gmail.com" <mkparalidova@gmail.com>, "velkovskamirjana@yahoo.com" <velkovskamirjana@yahoo.com>, "msarkovska@yahoo.com" <msarkovska@yahoo.com>, "skysemas@yahoo.com" <skysemas@yahoo.com>, "dejan.trpeski@rocketmail.com" <dejan.trpeski@rocketmail.com>, "proevakristina@yahoo.com" <proevakristina@yahoo.com>, "mujdin@gmail.com" <mujdin@gmail.com>, "suzanamitrovik@yahoo.com" <suzanamitrovik@yahoo.com>, "vesna_andova@yahoo.com" <vesna_andova@yahoo.com>, "Viktorran@yahoo.com" <Viktorran@yahoo.com>, "aleksandra.mitevska@holocaustfund.org.mk" <aleksandra.mitevska@holocaustfund.org.mk>, "dusko.veskovski@holocaustfund.org.mk" <dusko.veskovski@holocaustfund.org.mk>, "zoran.lazov@negotino.gov.mk" <zoran.lazov@negotino.gov.mk>, "metodidan@yahoo.com" <metodidan@yahoo.com>, "jzozelezara@yahoo.com" <jzozelezara@yahoo.com>, "nasaidninapp@gmail.com" <nasaidninapp@gmail.com>, "gazmend.dehari@unite.edu.mk" <gazmend.dehari@unite.edu.mk>, "aleksandra.mihajlovska@crm.org.mk" <aleksandra.mihajlovska@crm.org.mk>, "ivan.pecijareski@gmail.com" <ivan.pecijareski@gmail.com>

Почитувани,

Ве известуваме дека потврдата за положен испит за јавни набавки, не сте ја подигнале. Ве очекуваме во Бирото за јавни набавки, новата зграда на Министерството за финансии, Палата 23 октомври, ул. Даме Груев бр.12, 1000 Скопје, да ја подигнете секој работен ден од 08:30 - 16:30 h.
Напоменуваме дека потребно е претходно да биде подмирен надоместокот за обуката.

Со почит,
Одделение за обуки
Биро за јавни набавки

***************************************************************************************************

Доколку Ви се потребни повеќе податоци во врска со Едукацијата за јавните набавки, кликнете на следниот линк:
http://bjn.gov.mk/bjn-portal/wordpress/?page_id=37

Министерство за финансии

Биро за јавни набавки

Врз основа на член 14-а став 4 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/07 и 130/08), Бирото за јавни набавки издава

# ПОТВРДА
## за положен испит

Се потврдува дека лицето **ГАЗМЕНД ДЕХАРИ**, роден на 19.04.1985 во Тетово, успешно го положи испитот за утврдување на стекнатите знаења од модулот за обука на договорни органи и економски оператори согласно со програмата за едукација за јавните набавки на 15.07.2010 година.

Број 10-1620/20

Скопје,21.07.2010 година

Директор,
м-р Маре Богева Мицовска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ СКОПЈЕ

Врз основа на членовите 10-г,членот 132, став 8, членот 133, ставови 1, 6, 7 и 12, членовите 134, 138, 139 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/'10, 17/'11, 51/'11, 123/'12, 15/'13, 24/'13, 41/'14, 116/'14, 130/'14, 10/'15, 20/'15, 98/'15, 145/'15, 154/'15, 30/2016,и 120/2016); членовите 13, 14, и 28 од Законот за работи односи (Службен весник на РМ, бр. 167, и 27/2016); член 3, став 4 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016); членот 259 од Статутот на Универзитетот во Тетово; Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања; Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот во Тетово, бр. 02-2178/2 од 29.6.2016 г.; како и Правилникот за утврдување и исплата на платите и надоместоците од плати; Правилникот за утврдување на принципите за уредување на работните односи и на работните обврски на наставниците и на соработниците на Универзитетот во Тетово; како и Одлуката за избор во звањето **соработник**, бр.**02-3333/1 од 09.07.2010** г.

1. Универзитетот во Тетово, застапуван од ректорот на Универзитетот – проф. д-р Вулнет Амети (во понатамошниот текст: Универзитет), и

2. **Сихана Ахмети** со живеалиште во **Тетово**, со ЕМБГ: **1607985475003**, (во понатамошниот текст – наставник/соработник),

На ден **23.02.2018** го склучуваат следниов

**Д О Г О В О Р**
за вработување

**Член 1**

Со овој Договор се врши усогласување на Договорот за вработување со бр,**04-3389/1 од 22.07.2010** година, со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот во Тетово (за кој е добиена согласност од страна на Министерството за информатичко општество и администрација со бр. 12/6-917/3 од 7.2.2018), како и со другите интерни акти со кои е регулирана оваа материја.

**Член 2**

Наставникот/соработникот има засновано работен однос со Универзитетот во Тетово на работното место **соработник**, со шифра **ОБН 03 02 В01 001** на **Факултетот за медицински науки**, по предметните дисциплини содржани во Одлуката за избор во звањето **соработник**, бр. **02-3333/1 од 09.07.2010 г.**

**Член 3**

Со овој Договор наставникот/соработникот стекнува статус на давател на јавните услуги во високообразовни установи од **23.02.2018** година.

**Член 4**

Наставникот/соработникот засновал работен однос и остварува права и обврски од работен однос во согласност со Законот за високо образование, други закони со кои регулирана оваа материја, Статутот и другите општи акти на Универзитетот.

Правата, обврските и одговорностите кои произлегуваат од вршењето на работата на работното место од членот 2 на овој Договор, се остваруваат со денот на донесување на Одлуката на за избор.

**Член 5**

Наставникот/соработникот засновал работен однос за времето утврдено со закон.

**Член 6**

Работната недела на наставникот/соработникот трае 5 (пет) работни дена, со обем на работа утврден со закон и општите акти на Универзитетот.

**Член 7**

Наставникот/соработникоте должен постојано научно и стручно да се усовршува и докажува, успешно да ја остварува високообразовната дејност, што подразбира целосно и квалитетно извршување на педагошките обврски, потоа да придонесува за создавање наставно-научен и соработнички подмладок, да се грижи за успешно остварување на студиските програми и да придонесува за развојот, односно за примената на научната дејност од областа за која е избран.

Наставникот/соработникот е должен, исто така, да ги почитува и да ги извршува другите обврски кои произлегуваат од Законот за високо образование, општите акти на Универзитетот во Тетово, како и од Законот за работни односи, и тоа:

- да врши и друга работа во рамките на остварувањето на дејноста на Факултетот, односно Универзитетот, ако е во опсегот на степенот на неговата стручна подготовка;
- да ги почитува барањата и упатствата на Факултетот, односно Универзитетот, во врска со исполнувањето на работните обврски и работниот однос;
- да го почитува и да го спроведува Етичкиот кодекс за работењето на Универзитетот;
- да ги почитува и прописите за заштита при работа, да го заштитува својот живот и своето здравје, како и здравјето и животот на другите лица;
- да го известува Факултетот, односно Универзитетот, за суштинските околности кои би можело да влијаат на исполнувањето на неговите договорни обврски и за сите заканувачки опасности по животот или здравјето или за настанување материјална штета, коишто ги дознал при работата и кои би можеле да настанат на Факултетот, односно на Универзитетот;
- да се воздржува од сите штетни постапки коишто би го попречиле извршувањето на работата на Факултетот, односно на Универзитетот;
- не смее да го користи за своја употреба или да ги предаде на трето лице податоците што се сметаат за деловна тајна на Факултетот, односно на Универзитетот, кои како такви со посебен акт ќе ги определи Факултетот, односно Универзитетот;
- наставникот не смее на своја или на туѓа сметка да врши или да склучува работи кои спаѓаат во дејноста на Факултетот, односно на Универзитетот, а кои би можело да подразбираат конкуренција на Факултетот, односно на Универзитетот;
- наставникот/соработникот не смее без согласност од ректорот да врши високообразовна дејност на друга високообразовна установа;
- доколку намерно предизвика штета наставникот е должен сам да ја надомести според начелата на материјална одговорност;
- да ги почитува прописите во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

**Член 8**

Ако се утврди дека наставникот/соработникот неоправдано отсуствува од работа и не ги извршува педагошките обврски во тековната работа седмица, му се исплатува плата во висина на финансиските средства од Буџетот на Р. Македонија, за тековниот месец, во согласност со Правилникот за утврдување и исплата на платите и надоместоците од плати.

Ако се утврди дека наставникот/соработникот подолго време не ги исполнува педагошките обврски, ако ги попречува законските и статутарните активности на високообразовната установа или ги попречува другите членови во остварувањето на нивните права и извршувањето на должностите во високообразовната установа, ако престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот и други дисциплински престапи, на наставникот може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избран, во согласност со постапката и условите утврдени со закон и општите акти на Универзитетот.

**Член 9**

Наставникот/соработникот има право на плата во согласност со закон и општите акти на Универзитетот.

Како составен дел на платата на вработениот е и варијабалниот дел кој се обезбедува од сопствените извори на Универзитетот, а неговата исплата зависи од: расположливите средства на Универзитетот и целосно извршување на работните обврски, во согласност со Правилникот за утврдување и исплата на платите и надоместоците од плати.

**Член 10**

Универзитетот, односно Факултетот, е обврзан, исто така, на наставникот/соработникот да му ги обезбеди правата и условите кои произлегуваат од Законот за високо образование, Законот за работни односи и општите акти на Универзитетот, како што се:

- да му обезбеди работа на наставникот/соработникот во согласност со овој Договор;
- да му ги обезбеди потребните услови (средства и работен материјал) за да може непречено да ги исполнува своите обврски;
- да му обезбеди соодветна исплата на месечната плата во согласност со прописите за бруто-плата и обемот на ангажманот, како и во согласност со општите акти на Универзитетот;
- да му обезбеди услови за безбедност на неговиот живот и здравје во согласност со посебните прописи за заштита при работа;
- да ја штити и да ја почитува личноста и достоинството на наставникот/соработникот, како и да ја штити неговата приватност;
- да обезбеди наставникот/соработникот да не биде жртва на полово, психичко (мобинг) и било какво друго вознемирување;
- да ги заштити собраните, обработените и употребените лични податоци на наставникот/соработникот и да не ги доставува на трети лица без негов а согласност;
- да го пријави и задолжително социјално да го осигура (пензиско, инвалидско и здравствено), во согласност со посебните прописи и заверената копија од пријавата да му се даде на наставникот/соработникот;
- да му обезбеди годишен одмор во согласност со закон, колективен договор и општите акти на Универзитетот.

**Член 11**

Овој Договор престанува во случаи утврдени со закон и општите акти на Универзитетот.

**Член 12**

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од закон, други прописи со кои е регулирана оваа материја, како и општите акти на Универзитетот.

**Член 13**

Со овој Договор престанува да важи Договорот за вработување, бр.**04-3389/1** од **22.07.2010** година.

**Член 14**

Овој Договор е склучен во 3 (три) еднакви примероци од кои, по неговото склучување на денот на неговото потпишување 1 (еден) примерок му се врачува на вработениот, а останатите примероци остануваат за работодавачот, кои ги чува во своите работни простории.

**Наставник/Соработник**

______________________

Universiteti i Tetovës Republika e Maqedonisë
Универзитет Тетово Република Македонија

**Универзитет во Тетово**
**Ректор, проф. д-р Вулнет Амети**

______________________

Universiteti i Tetovës - Republika e Maqedonisë
Универзитет во Тетово - Република Македонија
Nr.-Бр 02-1363/1
22-03-2018 viti/год.
Tetovë - Тетово

UNIVERSITETI I TETOVËS
UNIVERSITY OF TETOVA - УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО
UT Rectorate - Ilinden nn. 1200 Tetovo, Macedonia
Tel: +389 44 356 500; Fax: +389 44 334 222, email: international@unite.edu.mk

Deri te

- Dekanët e fakulteteve të Universitetit të Tetovës
- Kryetarët e komisioneve recenzuese të formuara në mbledhjen e Këshillit të Rektoratit të mbajtur më 27.02.2018

Lënda: **Respektimi i procedurave dhe afateve për zgjedhje në thirrje në Universitetin e Tetovës, për kandidatët në bazë të konkurseve për zgjedhje të shpallura më 31.01.2018, 08.02.2018 dhe 10.02.2018**

Të nderuar,

Në bazë të konkurseve për zgjedhje në thirrje mësimore-shkencore, mësimore dhe të bashkëpunëtorëve, të shpallura më 31.01.2018, 08.02.2018 dhe 10.02.2018 në gazetat ditore "Koha", "Nova Makedonija" dhe web faqen e Universitetit të Tetovës, me vendime të veçanta u formuan komisionet recenzuese në mbledhjen e Këshillit të Rektoratit të mbajtur më 27.02.2018.

Në këtë kontekst, është e detyrueshme që të respektohen normat e Ligjit për arsimin e lartë, si dhe Rregullorja për kriteret dhe procedurën për zgjedhje në thirrje mësimore-shkencore, shkencore, mësimore-profesionale dhe të bashkëpunëtorëve në Universitetin e Tetovës nr. 02-3702/1 të datës 12.06.2014, në kuptim të respektimit të procedurës dhe kritereve për zgjedhje në thirrjet e caktuara, duke përfshirë edhe afatet për zgjedhje.

Me respekt,

**Tetovë, 21.03.2018**

**Sekretari i përgjithshëm,**
**Adem Beadini**

Nr. / бр.______________
Tetovë/Тетово,
___________________2018
Universiteti i Tetovës/
Универзитет во Тетово
Rektorat, rr. Ilindenit, pn,
Ректорат, ул. Илинденск
1200, Tetovë/Тетово

**ДО**

- **деканите на факултетите на Универзитетот во Тетово**
- **претседателите на рецензентските комисии формирани на седницата на Ректорската управа одржана на ден 27.2.2018 г.**

**ПРЕДМЕТ: Почитување на постапката и на роковите за избор во звања на Универзитетот во Тетово, за кандидатите врз основа на конкурсите за избор објавени на датумите: 31.1.2018 г., 8.2.2018 г., и 10.2.2018 г.**

**Почитувани,**

Врз основа на конкурсите за избор во наставно-научни звања, наставни и соработнички звања, објавени на датумите: 31.1.2018 год., 8.2.2018 г., и 10.2.2018 г., во дневните весници „Коха", „Нова Македонија" и на веб-страницата на Универзитетот во Тетово: www.unite.edu.mk, со посебни одлуки беа формирани рецензентски комисии на седницата на Ректорската управа одржана на ден 27.2.2018 г.

Во тој контекст, неопходно е да се почитуваат одредбите од Законот за високото образование, како и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово, бр. 02-3702/1 од 12.6.2014 г., во смисла на почитување на постапката и критериумите за избор во соодветните звања, вклучувајќи ги и роковите за избор.

**Со почит,**

**Генерален секретар,**

**Дипл.правник Адем Беадини**